Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025, Државниот испитен центар Скопје распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

**за избор на надворешни соработници-оценувачи на тестови на меѓународната студија ПИРЛС - PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) за 2025 година**

**I. Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - оценувачи за оценување на тестови од меѓународна студија ПИРЛС - PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) за 2025 година која ја мери способноста за читање со разбирање на учениците од четврто одделение во основното образование, и тоа:**

1) **четири оценувачи на македонски јазик и на англиски јазик и**
2) **двајца оценувачи на албански јазик и на англиски јазик.**

**II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да е државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар и
- потврда за засновано редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години во настава.

**IV.** За кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови Државниот испитен центар Скопје ќе организира обука, по што ќе следи проверка на способноста и прецизноста на кандидатите при оценувањето на одговори/решенија на учениците.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

**V.** Изборот на надворешни соработници - оценувачи се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е заклучно со 13.5.2025 година.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. Васил Ѓоргов“ 6.6. 1000 Скопје, со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи за оценување на тестови од меѓународна студија ПИРЛС за 2025 година**“.

**X.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број 076/484-740, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ